Република Северна Македонија Национална установа
Манифестација СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА
Republika e Maqedonisë së Veriut Institucion Nacional
Manifestim MBRËMJET STRUGANE TË POEZISË
Бр. 05-2011
31-03 2021

Арх. знак 0501
Рок на чување ТРАЈНО
21.07 2021 год.
Потпис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НУМ „СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА“
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
INM „MBRËMJET STRUGANE TË POEZISË“
Ул. Браќа Миладиновци бр.5, 6330 Струга, Поштенски фах 111
Rr. Vellezerit Miladinov nr.5, 6330 Struge, PO box 111
Тел./Tel.+389 46 786 270, E-mail: struga@svp.org.mk
www.svp.org.mk

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА Н.У.М „СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА“ ВО ТЕКОТ НА 2020 ГОДИНА.

## 1. ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ПРОГРАМСКИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ ВО 2020 ГОДИНА

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

### ФЕСТИВАЛ НА НАДЕЖТА (FESTIVAL OF HOPE)

Струшките вечери на поезијата беа дел од „Фестивалот на надежта“-Глобална виртуелна поетска иницијатива во организација на Версополис, платформа што обединува 30 европски меѓународни поетски фестивали и којашто е поддржана од Европската комисија со грант што овозможува поголема мобилност на младите европски поети.

Програмата на Фестивалот на надежта кој започна со онлајн панел дискусија на четворица поети на 23 април, се одвиваше целосно онлајн од 24 до 30 април на главната страница на Версополис https://www.versopolis.com/festival-of-hope

Како одговор на глобалната неизвесност предизвикана од пандемијата на COVID-19 заради која многу од поетските фестивали беа оневозможени да се одржат во нивниот вообичаен формат и беа или откажани или одложени, Версополис инцираше организирање на дигитален поетски фестивал. Освен поетските фестивали што се дел од платформата Версополис, инцијативата ја поддржаа и голем број други поетски фестивали со обезбедување на содржини од најразличен вид, но со заеднички именител на надежта како движечка сила што го води човештвото во совладување на тешкотиите со кои се соочува. Повеќе од 60 фестивали се јавија како учесници со исто толку подпрограми.

Струшките вечери на поезијата се приклучија со проектот Зборови на надеж/ Стихови на надеж во чии рамки беа снимени видео обраќања на 8 македонски поети што се дел од вкупната бројка на 20 номинирани поети во платформата Версополис од страна на СВП, почнувајќи од 2014 заклучно со 2020

година. За таа цел, беше ангажиран професионален сниматeл кој сними 6 поети, номинирани од СВП како Версополис поети: Владимир Мартиновски, Андреј Ал Асади, Драгана Евтимова, Ѓоко Здравевски, Николина Андова Шопова и Снежана Стојчевска, додека Стефан Марковски и Наташа Сарџовска испратија домашно снимени видеа. Сите видео-материјали потоа беа едитирани и беше ставен титл на англиски јазик.

Секое видео обраќање содржи кратка лична порака на надеж како и читање на една песна од самите поети. Пораката и песната се на македонски јазик, со титл на англиски јазик. Кусо видео обраќање имаше и директорот на СВП.

Видеата беа објавувани сукцесивно секој ден во период на одржување на фестивалот на официјалниот Youtube канал на СВП, а потоа беа преземени на главната страница на Фестивалот и споделени на останатите социјални платформи на СВП, со што беше обезбедена поголема видливост. На социјалните платформи на СВП беа споделувани и останатите содржини на Фестивалот.

**ФЕСТИВАЛ „СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА“ 2020 година**

„Струшки вечери на поезијата“ како еден од најстарите и најзначајните светски поетски фестивали се одржа и оваа година, во вообичаениот термин, на крајот на август и во услови на пандемија. Во фазата на подготовките на фестивалот беа разработени неколку можни сценарија за одржување на СВП, во зависност од развојот на ситуацијата со КОВИД-19.

Околностите дозволија да се организира фестивал со физичко присуство на домашните поети, а поканетите учесници од странство, заради рестрикциите во однос на патувањата и авионските летови, но и заради минимизирање на ризикот од ширење на вирусот, беа претставени преку видео читања, кои беа составен дел од програмата на фестивалот.

Специјално видео обраќање како и видео читање, подготви и годинешниот лауреат на СВП, израелскиот поет Амир Ор, кој ќе биде специјален гостин на наредното, јубилејно 60. издание на СВП во 2021 година, кога и ќе му биде врачен Златниот венец, заедно со лауреатот за 2021 година.

Програмата на фестивалот се одвиваше во редуцирана форма во периодот од 28 до 30 август, но ги задржа препознатливите програмски содржини на фестивалот. Повеќе од 30 домашни и странски поети од постарата но и од помладата генерација учествуваа на фестивалот на главните фестивалски читања. Дел од програмата беа и петте кандидати од потесниот избор за наградата „Браќа Миладиновци“ која што беше доделена и оваа година за најдобра поетска збирка помеѓу две изданија на СВП, а беа застапени и слем поети од земјава и од странство.

Креативниот тим на СВП го подготви дизајнот на годинешното издание кој беше претставен на социјалните платформи на СВП заедно со најавите на учесниците. Годинешното мото на Струшките вечери на поезиајта беше „ПРОСТОР ЗА ПОЕЗИЈА“

Со целосно почитување на протоколите за организација на настани во услови на пандемија, СВП подготви предлог-протокол за одвивање на фестивалот, што беше одобрен од страна на Комисијата за заразни болести.

Заради намалување на ризикот на ширење на вирусот, како и заштита на здравјето на учесниците и на публиката, којашто во вообичаени околности е присутна во мошне голем број на главните настани на отворањето и на затворањето на Фестивалот, оваа година имаше измена на локацијата на одржување на Фестивалот, согласно протоколите за организација на настани во услови на пандемија. Најсоодветна алтернатива за организација на програмата се покажа покриената тераса на хотел Дрим, во кој и вообичаено се одвиваат дел од програмските активности во редовните изданија на СВП.

Физичкото присуство на публиката беше ограничено поради капацитетот на просторот и поради протоколите за заштита, но програмата на фестивалот, почнувајќи од минатогодишното издание целосно се пренесуваше  во живо на официјалниот Youtube канал на СВП, така што беше овозможено целосно следење од страна на поширок аудиториум.

Престојот на учесниците беше регулиран согласно протоколите за работа на хотелот во услови на пандемија.

Беше обезбеден организиран превоз за учесниците на релација Скопје-Струга- Скопје, а избраниот економски оператор беше задолжен да ги спроведува протоколите за превоз на патници во услови на пандемија.

**НАГРАДИ**

**Наградата „Златен венец“** на Струшките вечери на поезијата за 2020 година му беше доделена на израелскиот поет Амир Ор. Составен дел на наградата, покрај филигрански изработениот Златен венец, е и паричен износ од 10.000 евра, кој ќе биде исплатен согласно Одлуката на УО на НУМ СВП и предвидената Годишна програма. Свеченото доделување на наградата ќе биде во рамки на 60. Издание на Струшките вечери на поезијата во 2021 година, каде што Амир Ор ќе биде специјален гостин,заедно со лауреатот за 2021 година.

**„Мостови на Струга“** - Наградата која традиционално од 2003 година СВП и УНЕСКО ја доделуваат за најдобра дебитантска поетска книга од млад автор оваа година ѝ беше доделена на Мартина Стракова од Словачка за книгата „Разгледници од невидливите градови“. Покрај бронзената плакета, на добитничката, согласно Одлуката на УО и Годишната програма за работа на НУМ СВП, ќе ѝ биде исплатена и парична награда во висина од 1.000 евра. . Свеченото доделување на наградата ќе биде во рамки на 60. Издание на Струшките вечери на поезијата во 2021 година, каде што Мартина Стракова ќе биде специјален гостин,заедно со добитникот на „Мостови“  за 2021 година.

**„Браќа Миладиновци“** - Жирито назначено од СВП од пристигнатите поетски книги објавени на македонски јазик меѓу две изданија на фестивалот одлучи највисоката награда за поезија во нашата земја „Браќа Миладиновци“ да ѝ биде доделена на Ива Дамјановски за поетската книга „Двоумење“. На добитникот ќе му биде исплатен и паричен износ на наградата во висина од

150.000 денари. Паричниот износ за наградата согласно плановите, Одлуката на УО и Годишната програма за работа на НУМ СВП, ја задржа висината што беше зголемена претходно за 50 %.

Наградата „Енхалон" за најдобра песна од млад автор прочитана на фестивалот, востановена во 2012 година, оваа година не се додели, согласно протоколот за почитување на мерките за присутност и скратената програма.

## ПОЕТИ УЧЕСНИЦИ НА СВП 2020

- **Учесници од странство:**

| | |
|---|---|
| Амир Ор (Amir Or) | Израел (Israel) |
| Мартина Стракова (Martina Strakova) | Словачка (Slovakia) |
| Георги Господинов (Georgi Gospodinov) | Бугарија (Bulgaria) |
| Павле Горанович (Pavle goranović) | Црна Гора (Montenegro) |
| Петар Матович (Petar Matović) | Србија (Serbia) |
| Мангалеш Дабрал (Mangalesh Dabral) | Индија (India) |
| Јашухиро Јотсумото (Yashuhiro Yotsumoto) | Јапонија (Japan) |
| Тадеуш Дабровски (Tadeusz Dabrowski) | Полска (Poland) |
| Берсимар Сепулвера (Betsimar Sepulveda) | Венецуела (Venezuela) |
| Франка Манчинели (Franca Mancinelli) | Италија (Italy ) |
| Ариел Шпиглер (Ariel Spiegler) | Франција (France) |
| Карен Меккарти Вулф (Karen McCarthy Woolf) | Велика Британија (United Kingdom) |
| Ален Брлек (Alen Brlek) | Хрватска (Croatia) |
| Џон Веј (John Yau) | САД (USA) |
| Шагдар Ламнорјма (Shagdar Lhamnorjmaa) | Монголија (Mongolia) |
| Симон Сандовал – Просперо Вега (Simon Sandoval-Prospero Vega) | САД (USA) |
| Мајо Данилович (Majo Danilovic) | Србија (Serbia) |
| Димитар Христов (Dimitar Hristov) | Бугарија (Bulgaria) |

| | |
|---|---|
| Халил Матоши (Halil Matoshi) | Косово (Kosovo) |
| Аргон Туфа (Agron Tufa) | Албанија (Albania) |

## Учесници од Македонија:

Богомил Ѓузел, Влада Урошевиќ, Љулзим Хазири, Паскал Гилевски, Митко Гогов, Веле Смилевски, Виолета Танчева-Златева, Јовица Ивановски, Милован Стефановски, Елена Пренџова, Владимир Мартиновски, Зоран Анчевски, Иван Џепароски, Драгана Евтимова, Никола Маџиров, Андреј Ал Асади, Игор Трпчевски, Исток Улчар, Вања Изова-Велева, Николина Андова-Шопова, Ана Голејшка-Џикова, Иван Антоновски, Глигор Стојковски, Јован Стрезовски, Сузана Мицева, Иван Шопов, Ѓоко Здравески, Милчо Мисовски, Мирјана Стојановски, Салајдин Салиху.

## *ДЕТАЛЕН ПРЕГЛЕД НА ПРОГРАМАТА НА СВП 2020*

**Петок, 28.08.2020**

**11:00 Отворање на изложба на Марија Павловска, Лида Шерафатманд и Милко Нестороски**

- Пиано соба

Изложбата што оваа година беше вклучена во рамки на Струшките вечери на поезијата е избор на делата од тројца исклучителни уметници. Секое дело има своја приказна и уникатност. Лида ја изразува нејзината умешност да го претвори надворешниот суров свет во најубавото цвеќе, Милко нè води во магична приказна со неговите рачно изработени кукли, додека Марија ни го доловува светот преку нејзиниот црно-бел, експресивен стил. При посетата на настанот во рамки на фестивалот, посетителите сее придржуваа кон пропишаните мерки за безбедност.

**20:30 Официјално отворање на Струшки вечери на поезијата 2020 година**

- Тераса на хотел Дрим

Церемонијата на свечено отворање на Струшките вечери на поезијата оваа година беше подигната на високо ниво. Во насока на професионализација, беше ангажиран режисерски и продуцентски тим на настаните во склоп на програмата на СВП. кој умешно ја адаптира покриенеата отворена тераса на Хотел Дрим во впечатлив сценски простор. Оваа годиан, во склоп на церемонијата на отворање, традиционалниот начин и протокол на палење на фестивалскиот оган беа заменети со впечатлива кореографија со која се илустрираше концептот на годинешното издание на СВП и свечено беа прогласени за отворени Струшките вечери на поезијата. Потоа „Т`га за југ“ беше интерпретирана на четири јазици: македонски, англиски, албански, француски како симболичен вовед во исчекорот што се

направи на минатогодишното издание на Струшките вечери на поезијата. Како дел од заложбите за унапредување на квалитетот на манифестацијата, нејзиниот меѓународен углед и значење, но и заради унапредување на односот кон својата публика и граѓаните, дел од содржините, а особено главните фестивалски читања и комуникацијата со јавноста, беа вклучени повеќе јазици. Освен досегашните македонски и англиски, беа користени и албанскиот и францускиот јазик.

Новитет на 58. издание на СВП во склоп на церемонијата на свеченото отворање, беше возобновувањето на традицијата на Поетската порака, коешто беше продолено и оваа година на 59. издание на СВП што во име на поетите од Македонија, ја прочита истакнатиот македонски поет и академик Богомил Ѓузел.

**21:00 „Поетски меридијани" - Меѓународно поетско читање**

- Тераса на хотел Дрим

„Поетските меридијани" се одржаа на посебно подготвена сцена на терасата на хотел Дрим. Беше поставена адекватна сцена со впечатлива сценографија, а како сценографски елемент беше поставена и ротирачка светлосна инсталација низ која се проектираа стихови на досегашните лауреати на Струшките вечери на поезијата. Истакнатите странски поети испратија свои видео снимки во кои ја читаа својата поезија, а домашните поети настапија во живо почитувајќи го протоколите за заштита. Неколку од домашните поети што беа физички спречени или беа во ризични групи, се претставија преку видео читања. Оваа година, како и минатата година, покрај телевизискиот пренос од страна на националната телевизија, беше ангажирана професионална екипа којашто со најсовремена опрема овозможи live streaming на содржините на Фестивалот, коишто беа емитувани на официјалниот YouTube канал на СВП. На овој начин Фестивалот беше достапен како за домашната, така и за интернационалната публика.

По настапот на добитникот на наградата „Златен венец" за 2020, Амир Ор од Израел, како и на добитникот на „Браќа Миладиновци" за 2019 година, Јовица Ивановски, настапија сите поканети странски поети преку видео читања, а оваа година во „Меридијани", беа вклучени и следните домашни поети: Богомил Ѓузел, Влада Урошевиќ, Паскал Гилевски, Веле Смилевски, Вања Изова – Велева, Николина Андова-Шопова, Глигор Стојковски, Јован Стрезовски и Никола Маџиров.

**Сабота, 29.08.2019**

**10:00 Портрет на добитникот на наградата „Браќа Миладиновци" за 2019 година**

- Тераса на Хотел Дрим

Портретот на добитникот на наградата Браќа Миладиновци" за 2019 година, за македонскиот поет Јовица Ивановски се одржа на терасата на Хотел Дрим, а за неговото творештво зборуваше професор д-

р Соња Стојменска – Елзесер. Стихови на англиски јазик читаше проф. д-р Зоран Анчевски, кој беше преведувач на англиското издание на СВП.

СВП од 2012 година редовно ја објавуваа како дел од едицијата „Плејади“ книгата на добитникот во превод на англиски јазик. Со оглед на тоа дека професорот д-р Зоран Анчевски е истакнат англист и преведувач, тој ја преведе книгата на минатогодишниот добитник.

**11:00 Поетско читање на поетите од потесниот избор за наградата „Браќа Миладиновци“ за 2020 година**

- Тераса на Хотел Дрим

Во потесен избор од пет книги жири-комисијата ги избра следните поетски остварувања (според азбучниот ред на презимињата на авторите):

1. *Пајо Авировиќ, На погрешната страна. Скопје: Чудна шума, 2020*
2. *Андреј Ал-Асади, Небесна геометрија. Скопје: ПНВ Публикации, 2020*
3. *Долорес Атанасова-Лори, Небо во кафез. Скопје: Долорес Атанасова-Лори, 2020*
4. *Ива Дамјановски, Двоумење. Скопје: ПНВ Публикации, 2020*
5. *Јосип Коцев, Музеј на чувствата. Скопје: Дом на култура: Кочо Рацин, 2019*

Составот на жири-комисијата, согласно Правилникот за работа, и понатаму остана таен до донесувањето на конечната одлука. Како и во изминатите неколку години во посебна
програмска содржина на претстојниот фестивал беа претставени поетите чии книги се нашле во потесниот избор од пет книги. Добитникот на најпрестижното годишно национално признание за поезија во Македонија, наградата „Браќа Миладиновци“ за 2020, беше соопштен на официјална прес-конференција на жири комисијата која се одржа за време на фестивалот на 29.08.2020 година.

**12:00 Доделување на наградата „Стојан Христов“ за најдобра поетска книга од поет од дијаспората**

- Тераса на Хотел Дрим

На овој настан беше доделена и наградата „Стојан Христов“ за најдобра поетска книга од поет-иселеник од Македонија, која Агенцијата за иселеништво ја доделува во соработка со СВП. Добитник на наградата за 2020 година беше Тања Кармзова Костиглиова од Франција, со поетската книга „Дваесет и еден грам“.

**21:00 Версополис**

- Тераса на Хотел Дрим

Овој настан беше организиран за да се овозможи претставување на некои од странските автори пред македонската публика што се вклучени во мрежата на Версополис. Овој настан, кој како и повеќето од програмата беше пренесуван како live streaming на официјалниот YouTube канал на СВП. Настанот побуди голем интерес, беше пренесуван како live streaming на официјалниот YouTube канал на СВП, а беа поделени и буклетите на три јазици кои беа објавени како дел од проектот.

**22:30 Вечер на Слем Поезија**

- Тераса на Хотел Дрим

Млади поети и поетеси беа претставени со своите интерпретации и слем песни. Програмата е од неформален карактер, каде што можност да настапат имаа сите поканети поети, гости, па дури и публиката, што е вообичеано за овој програмски блок од неформален карактер. Настапија бројни македонски поети од помладата генарција.

## Недела, 30.08.2020

**10:30 Прес - конференција - прогласување на добитникот на наградата „Браќа Миладиновци" 2020 година**

- Тераса на Хотел Дрим

На официјалната прес конференција на управата на СВП и жири комисијата за доделување на наградата „Браќа Миладиновци" беше соопштен добитникот за наградата за 2020 година, младата поетеса Ива Дамјановски, за книгата „Двоумење".

**12:30 Поетско читање „Кругови**

- Тераса на Хотел Дрим

Настапија: Иван Шопов, Драгана Евтимова, Митко Гогов, Љулзим Хазири, сузана Мицевска, Ѓоко Здравески, М илчо Мисовски, Исток Улчар, Иван Антоновски, Ана Голејшка Џикова, Мирјана Стојановски, како и еден странски учесник Мајо Даниловиќ.

**20:30 Церемонија „Мостови", меѓународно поетско читање и врачување на наградите „Златен венец", „Мостови на Струга" и „Браќа Миладиновци"**

- Тераса на Хотел Дрим

Еден од трите главни настани на фестивалот, што стана синоним за фестивалот, заради симболиката на

Мостот на поезијата. На овој настан традиционално се доделуваат наградите „Златен венец", „Браќа Миладиновци" и наградата на СВП и УНЕСКО „Мостови на Струга". Поради новонастанатата ситуација со ковид-19, се додели само наградата „Браќа Миладиновци", додека наградите „Златен венец" и „Мостови на Струга" ќе се доделат следната година на добитниците. Странските поети имаа видео читања.
Настанот беше пренесуван директно на Македонската телевизија, но и преку live streaming на официјалниот YouTube канал на СВП.

## 2. ПРОГРАМА ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ НА СВП ВО 2020 ГОДИНА

Во рамки на Програмата за издавачка дејност на СВП во 2020 година се застапени следните публикации:

1. **Монографија - Избор од поезијата на добитникот на наградата „Златен венец" - на оригинал, англиски и на македонски;**

Како што е вообичаено уште од 1971 година на добитникот на „Златен венец" се печати луксузно издание со голем избор од неговото творештво во оригинал и во напореден превод на македонски јазик и на англиски јазик. Ова издание како неодминливо и капитално во издавачката дејност на СВП и секогаш е подготвено да биде на високо ниво, и кога се работи за квалитетот на преводот,но и за сите други елементи, од графичката подготовка до печатењето. Оваа година, заради специфичните околности поврзани со пандемијата на Ковид-19, како и заради специфичната подготовка на хебрејскиот оригинал, печатењето на изданието на годинешниот лауреат Амир Ор се реализира по завршувањето на фестивалот. Во комуникација со лауреатот, кој ќе биде специјален гостин на 60. Јубилејно издание на СВП, промоцијата на изборот од неговата поезија ќе биде во рамки на 60. Јубилејно издание.

2. **„Поезија од пет континенти - Кој е кој" - избор од поезијата на учесниците на Струшките вечери на поезијата- на македонски и на англиски јазик**

Ова издание на СВП веќе низа години претставува неодминлив и практичен зборник во кој преку био-библиографските податоци и краток избор од нивното творештво во оригинал, на англиски и во превод на македонски јазик се застапени сите поети учесници на фестивалот. Со ова издание СВП и во публикација ги чува сите траги за тековното издание, и е неопходна алатка, практична при реализација на приредбите, но овозможува и сите учесници да добијат еден траен документ за нивното учество. Оваа година, печатењето на Зборникот се реализира по завршувањето на фестивалот.

3. **Книгата на добитникот на „Браќа Миладиновци", преведена на еден светски јазик.**

Веќе седум години СВП во рамките на настојувањата за што поширока рецепција на македонската поезија и нејзина афирмација во светот ја печати книгата која во претходната година е добитник на највисоката поетска награда во Република Македонија „Браќа Миладиновци", преведена на еден светски јазик. Оваа година беше издадена книгата „Човек" (Human) од минатогодишниот добитник Јовица Ивановски, во превод на англиски јазик од реномираниот универзитетски професор Зоран Анчевски.

4. **Книгата на добитикот на наградата „Мостови на Струга" на УНЕСКО и СВП;**

Секоја година книгата на добитникот на оваа награда се објавува во оригинал и во превод на македонски и на англиски јазик. Оваа година беше издадена книгата „Разгледници од невидливите места" од овогодишната добитничка, словачката поетеса Мартина Стракова, во превод на македонски од реномираниот преведувач Звонко Танески.